РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-5737/2
17-12-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по анонимна пријава, на продолжението на 42-та седница одржано на ден 11.12.2020 година, Државната комисија за спречување на корупцијата ја донесе следнава

**Одлука**

Пријавата со наводи за корупција број 12-5737/1 од 23.12.2019 година, доставена до ДКСК од непознат подносител, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 12-5737 од 2019 година оформен по пријава бр. 12-5737/1 од 23.12.2019 година.

Предметот со број 12-5737 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-5737 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-5737/1 од 23.12.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, од страна на непознат подносител – анонимна пријава.

Во доставената пријава изнесени се наводи против претседателката на Апелациониот суд Битола за користење на службеното возило со барање за поведување постапка за злоупотребата на нејзината службена положба по овој основ.

При разгледувањето на пријавата, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот, но исто така и анализите кои ДКСК ги врши во однос на законското и наменското користење на средствата со кои располагаа државните органи, меѓу кои и судовите. По истите наводи ДКСК веќе постапува за што ќе издаде соодветен извештај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 11 декември 2020 година под бр. 12- 5737/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до : Архива
По заклучок на ДКСК, Изработил: Ј.Ц, советник
Одобрил : К.Н ,член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk